Александар АТАНАСОВСКИ

**УДК: 94(495.02)**

# СРЕДНОВЕКОВНАТА ДРЖАВНА ИДЕОЛОГИЈА НА БАЛКАНОТ И НЕЈЗИНОТО ВЛИЈАНИЕ НА СОВРЕМЕНИТЕ КОНФЛИКТИ

***Кратка содржина***

*Средновековната државна идеологија во многу нешта е специфична. Затоа нејзиното проучување е комплексно. Прво, како идеологија не е чисто нова појава, таа во себе содржи примеси од минатото (антиката). Тоа е сосема нормално ако се гледа од аспект на државноправните традиции. Второ, новината е во верската идеологија. Поточно прифаќањето на христијанството за државна религија и нејзината идеологија за универзално земско царство по примерот на небесното.*

*Таа идеологија на Балканот, па и пошироко почнала да ја шири Византија, како прва христијанска земја, а од неа ја прифатиле и нејзините соседи, кои своевремено биле вклучени во рамките на таа империја. Така христијанската идеологија станала и државна идеологија, која во зависност од моменталната положба се прилагодувала на дневната политика.*

*Овде накратко ќе ја разгледаме византиската државна идеологија, нејзиното влијание во Бугарија, Србија и останатите балкански подрачја. На крајот ќе ги дадеме реперкусиите што таа идеологија ги има на современите настани – конфликтите од крајот на XX и почетокот на XXI век.*

***Клучни зборови***: *ИДЕОЛОГИЈА, РЕПЕРКУСИИ, КОНФЛИКТИ, ВИЗАНТИЈА, УНИВЕРЗАЛНОСТ, ДРЖАВНОСТ, РИМСКА ИДЕЈА, ТРАДИЦИЈА, ТЕРИТОРИЈА, ХРИСТИЈАНСТВО, ЦРКВА.*

## Експозе

Самиот поим „Византија“ се зема условно, технички термин како име за Источната римска империја. Самите жители на таа империја не го познавале тоа име и во својата претстава Тие биле „Ромеи“ – поданици на римската држава[1]. Таква претстава имале и современите автори на хроники, истории и сл. Причината за тоа лежи во фактот што Византија живее во средновековието, но тоа по што

[1] Г. Острогорски, Историја Византије (фототипно издание), Београд 1969, стр. 49.

се разликува од другите современи државни творби, било тоа што Таа не станала една наполно средновековна држава. Тоа од причина што Византија не изникнала во средните векови, внатрешно и надворешно Таа си останала старата Источно-римска империја, која што ги проживеала бурите на Големата преселба на народите и продолжила да постои при променети историски услови. Така незабележливо, бавно и без видливи потреси, таа се приспособила на новите услови, што историчарите и сега уште спорат по прашањето, која епоха треба да се прифати за граница на древноста (антиката) и кога Источната римска империја се претвара во византиска.

Од трите елементи (античката традиција, христијанството и варварството) врз чии взаемни односи или последователната смена се градела средновековната историја на западните народи, античката традиција тука не само што никогаш не исчезна, туку во извесна смисла го потчини варварството и христијанството, при што самата се преобрази под влијание на гледиштата кои што тие ги носеле со себе[2].

Најсилни траги антиката оставила во државното сознание и државната идеологија на Византијците. Тие се сметале не само за формални наследници на римското државно достоинство, туку верувале дека самите се Римјани ( Ромеи, како што тие се нарекувале)[3], името со кое денес ги означуваме, за нив било непознато. Со тоа гордо сознание се објаснува меѓу другото и нивното надмено и презирачко однесување кон сите останати народи. Дури и кога Византија лежела полупадната пред нив, тие останувале за неа жални варвари. Нивните владетели ги третирала како узурпатори, кои биле должни да бараат признание за својата власт од цариградскиот самодржец – единствениот законски владетел на земјата.

Заедно со правата на древниот Рим , Византија ја наследила и неговата универзалност. Сите племиња и раси, кои што ја населувале, еднакви во државно-правен однос, биле обединети повеќе или помалку од една култура. Стегнатата државна организација која ги спојувала тие етнички разнородни маси, ги усогласувала нивните сили. Токму заради постигнување и одржување на рамнотежа над разнородните етноси, идејата за државност во Византија стоела над сè, бидејќи го наследила од Рим институтот на апсолутна монархија, Таа никогаш не посака да се ослободи од него и затоа што најпосле,

---

[2] П. Мутафчиевъ, Изтокъ и Западъ въ европейското срѣдновековие. София 1993, стр. 130-131.

[3] Constantinus Porphyrogenetus, De administrandi imperio, ed. Gy. Moravcsik and R.J.Jelkins, Budapest, 1949, p.122; C.Neumann, Byzantinische kultur and Renaissance kultur, Stuttgart,1903, 31.

Таа никогаш не падна во таква состојба на безредие, во каква векови по ред Западот бил осуден да живее.

Концепцијата за идеалниот управител, спасител на империјата е „последната утопија на античкиот свет". Во Византија таа концепција е доразвиена и претставена во форма на единствениот владетел „император" кој стои највисоко од сите останати владетели. Приврзаноста на Византијците кон исклучителноста на секој атрибут на византискиот император, како и постојаните спорови со другите владетели, кои се обидуваат да си присвојат титули, ipso iure му припаѓале на императорот на Византија, не треба да биде прифаќана како напразно настојување врз мртви уредувања, туку како заштита на една идеја која ја изразува суштината на илјадалетната историја на Византија[4]. Токму затоа претставата за империјата е преплетена со т.н. римска идеја, а Константинопол е новиот, Втор Рим, независно од тоа што името се потпира на јавно искажаното гледиште дека Константин Велики ја нарекол престолнината Нов Рим.

Главен карактеристичен белег на римската идеја е од една страна долговечноста, бидејќи Рим е вечен град (urbs aeterna)[5], а од друга непрекинатото нејзино обновување. Со пренесувањето на државната престолнина од Рим во Константинопол градот на Константин станал и Царувачки град[6]- Василеуса (или на словенски Цариград) и природно ги придобил карактеристиките на стариот Рим – вечност и обновување (aeternitas и renovatio)[7]. Така римската идеја добила мистичко значење за верните следбеници. Оттаму и терминот Ромеи за жителите на римската империја (Романија).

Терминот „Romania", Ῥωμανΐα, Ῥωμανεΐα[8] како географско – политичко сваќање за „земја населена со Ромеи" се појавил во IV век[9]. Етничката опфатеност на терминот ги вклучувал народите што ја населувале Источната Римска империја, независно од нивната племенска припадност. Самите Византијци во целиот период од постоењето на империјата се нарекувале „Ромеи", давајќи му на тоа име конфесионално – политичка смисла.

---

[4] Й. Е. Караянопулос, Политическата теория на Византийците. София 1992, 16.

[5] „Romulus aeternae nondum formaverat urbis moenia..." F. Dölger, Rom in der Gedankenwelt der Byzantiner. –Zeitschr. f. Kirchengesch, 56,1937, p.71,72.

[6] Κωνσταντΐνος Πορφυρογέννητος. Περὶ θεμάτων. 1/84.2/: „'επεὶ καὶ πόλιζ, ἐτι βασιλεύουσα τοῦ τε κόσμου παντὸς ὑπερέχουσα."

[7] Й. Е. Караянопулос, Политическата теория, 16.

[8] K. Amantos, Ῥωμανΐα, Ἑλληνικὰ, 6, 1969, 231-235.

[9] V. Tapkova-Zaimova, L'idèe byzantine de l'unitè du monde et l'état bulgare. AIESEE, III,1969, 291; L. Brehier, Les instititions de l'Empire Byzantin. Paris 1949, 122.

Треба да споменеме дека во Византија секогаш се правело строго разграничување меѓу Ῥωμαΐοι и Ῥωμάνοι, т.е. жители на градот Рим и жители на Далмација[10]. Тоа може да се согледа во спорот меѓу кремонскиот епископ Лиутпранд и чиновниците на императорот Никифор II Фока во 976 година.

Објаснувајќи ги претензиите на германскиот император Отон I (936-973), епископот тврдел дека правото да се нарекуваат „Римјани" го имале жителите на Рим и Италија. Од своја страна Византијците докажувале дека жителите на Константинопол биле потомци на преселените од Константин I сенатори, видни Римјани и војници, додека сегашните жители на Рим биле синови на пекари, незаконородни плебеи и робови[11]. Според тоа Византијците во споредба со жителите на Рим и Италија со поголемо право се нарекувале Ромеи. Тоа свое право го одразувале и во титулатурата на својот владетел и именувањето на својата држава Imperium romanum.

Каква била идеологоијата на огромната долгогодишна и самообновувачка византиска државна организација? Спомнавме дека тоа што денес го нарекуваме Византијска империја, самите Византијци го сметале за директен наследник на Римската империја, по традиција и по територија. Тие себеси се сметале како поданици на истата држава и поради тоа може да се објасни склоноста на византиските императори да ја прифатат својата власт како наследство од старите римски императори. Во VI век Јустинијан I ја доразвил таа позиција, пишувајќи во една новела за „претходниот на нас Цезар", кој што дал „благочестив почеток на нашето едновластие"[12].

Римската империја според византиските историски претстави не била онаа старата, обвиткана во древност и грешност империја, туку една нова држава во која христијанството и неговото учење ја создале новата духовна содржина и насоченост[13].

На начин достоен за восхит и воодушевување, Божјата промисла ги уредила светските поредоци така што новата империја да се претвори во „избран сосед" за распространување на христијанското слово и за спасение на човечкиот род. Уште од времето на Октавијан Август вселената била обединета, со др. зборови изградена била општочовечката заедница во која ќе се роди Богочовекот и каде ќе се распространи Неговото учење. Постоењето на таа заедница се

---

[10] Const. Porphyrogenetus, De administrando imperio, 122.

[11] Liutprand von Cremona, die Werke Hanover und Leipzig 1915, 202.

[12] Novellae Justiniani (R. Schoell; G. Kroll); 30, pr.-a.534.

[13] A. Heisenberg, Staat u.Gesellschaft des byzantinischen Reiches. Leipzig-Berlin, 1923, 364.

потпомага и од постоењето на еден јазик разбирлив за сите, кој ќе го олесни брзото распространување на христијанството[14].

Тоа премудро дејание на Божјата промисла започнува да се разгледува во времето на Константин Велики[15]. Оттогаш наваму човештвото гледа како редот предвиден од Божјата промисла станува реалност, се гради новата римска империја во која сожителствуваат христијанската вера, христијанскиот закон, духовното наследство на елинизмот, римското право и римската државна организација[16].

Новата империја има за задача да ги одбие варварите, да го чува мирот, да наложува сеопшта справедливост и единство на догмата, да го распространува христијанството меѓу варварите за да се создаде „едно паство со еден овчар"[17]. Тоа е новиот христијанско - римски поглед на свет, кој што истовремено осигурува законска основа на сите претензии на империјата за светско господство[18].

По конечната консолидација на Источната римска империја во почетокот на V век и распаѓањето на Западната империја, во Константинопол ги сметале западните земји само како привремено отпаднати. Византија се разгледувала како неделив дел од целокупната римска империја, центар на „ојкумене"(вселената)[19]. Византиската принцеза Ана Комнина јасно го формулира византиското сваќање за предодреденоста и мисијата на Ромеите како „посебен", „избран" народ, повикан да владее над другите народи[20]. Според неа „Ромеи" биле сите жители на империјата, кои ја исповедувале источноправославната христијанска религија. Во многу случаи тоа сваќање било свесно ширено за да се создаде впечаток дека константинополскиот император по право и традиција стои на чело на целиот христијански свет.

Ако се прифати гледиштето за Византиската империја како „избран сосед" на Божјата промисла, преку која се остварува Божјата

---

[14] E. Peterson, Der Monotheismus als politisches problem. Leipzig 1935, 66; 81.

[15] Ευσ|βιος, Βΐος II, 19,(48.13 I.Heikel).

[16] F. Dölger, Bulgarisches zartum und byzantinisches kaisertum.-In: Byzanz und die europäische staatenwelb. Ettal 1953, 141.

[17] Според Евангелието на Јован ( 10:16), „имам и други овци, кои не се од оваа трло, и тие треба да ги приберам; и ќе го чујат гласот Мој и ќе биде едно стадо и еден пастир". - Свето Писмо ( Библија), Скопје 1990, Новиот Завет, стр.119.

[18] Й. Е. Караянопулос, Политическата теория., 12; Г. Бакалов...

[19] Г.Г. Литаврин, Некоторые особенности этнонимов в византийских источниках. Вопр. этногенез. и этнической истории славян и восточних романцев. Москва 1976, 202.

[20] Спореди: Ана Комнина, Алексиада ( встъпит. Статия, превод и коментар от Я. М. Любарски). Москва 1965, 391.

предодреденост, може да се рече дека сме ја исклучиле можноста за постоење на друга империја во светот, бидејќи само така би могло да се сочува единството за кое се бори Промислата[21]. За Ромеите било очигледно присуството во некогашниот „orbis romanus" (римски свет) и на други владетели освен константинополскиот император, исто така било познато дека некои од нив дури не се христијани. Таа реалност не ги вознемирувала и според нивните гледишта не противречи на идејата за единствена законска империја. Согласно византиските сваќања, вселената се состои од една огромна, хиерархиски зависна роднинска заедница од народи и владетели, на чело на која стои „василевсот на Ромеите", впрочем византискиот император. По него следуваат по редот на роднинството „духовните му чеда" – владетелите на Ерменија и Бугарија, „духовните му браќа" -владетелите на Франките и Германците, „неговите пријатели" – емирот на Египет и управниците на Англија и на италијанските градови – републики Венеција и Ѓенова. На периферијата на хиерархијата се поставени малите локални владетели на Ерменија и Србија. Но, сите тие стојат многу по ниско од византискиот император, не се титулираат како „василевси"(= императори) и затоа не ја нарушуваат идејата за една - единствена постоечка и вистинска империја[22].

Колку држеле Византијците до исклучителното право на императорската титула (Император на Ромеите) се гледа од фактот што, кога во 800 година франкскиот крал Карло Велики бил крунисан за „римски" император, Византијците упорно откажувале да му ја признаат таа титула, а кога на крајот на краиштата во 812 година суровата реалност ги принудува да отстапат, Тие го нарекуваат просто „император", а не „император на Ромеите". Според нивната претстава еден бил и еден останува реален „император на Ромеите", тоа бил оној кој царувал во Константинопол[23].

Не е случајно совпаѓањето на еден факт, кој што одамна е забележан од византолозите, а се однесува на тоа што по 812 година византиските императори се почесто се нарекуваат „василевси на Ромеите" (βασιλεὺς Ῥομαὶων), т.е. цареви, а не автократори. Така се

[21] A. Gasquet, L'Empire byzantin et la monarchie frangue, 1888; стр. 283.

[22] F. Dölger, Die „Familie deg königne" in Mittelalter. – In: Byzanz und die europäische Staatenwelt. Ettal, 1953, 37; Г. Бакалов, Византия, София 1995, 70.

[23] Спореди: I. Καραγιαννόπουλος, Ιστορΐα. Τ. II, 185; Annales Einhardi. – In: Monumenta Germaniae Historica. Auctores Antiquissimi, I, 199: „more suo, id est Graeca lingua, laudes ei dixerunt, Imperatorem eum et Basileum appellantes"; MGH, Epistulae Carolini aevi, VII, 386.37: „..neminem appellandum basilea nisi eum, quem in urbe Constantinopolitana imperii tenere gubernaculae contigisset". Спореди и Г.Острогорски, Историја Византије, 190; 202.

подвлекува реалноста дека кога друг се титулира како император, тој нема ништо заедничко со постојниот самодржец на Ромеите[24]. Толку е голем авторитетот на византиската императорска титула, што и самите Латини се колебале да ја користат. Самиот Карло Велики не се нарекува Imperator Romanorum, туку само „Imperator Romanorum gubernans Imperium" (значи „император, што ја управува империјата на Римјаните")[25].

По смртта на Карло Велики и опаѓањето на западната империја, Византијците го вратиле монополот врз императорската титула и ги игнорирале настаните од 800-812 година[26]. Тоа може да се согледа и од писмото на константинополскиот патријарх Антониј IV (1389-1390; 1391-1397) до великиот московски кнез Василиј I (1389 -1425), во кое патријархот пишува: „ Ако некои други христијански народи си ја присвоиле титулата император, тогаш тоа е извршено во спротивност на природата и законите, тоа е тиранија и насилство. Кои црковни отци, кои собори и кои канони говорат за тоа? Секогаш и на секаде се зборува – меѓу другото јасно и гласно, за единствен цар, на кого му припаѓаат законите, наредбите и заповедите... не споменувајќи ништо друго"[27]. Ова секако е одраз и на поврзаноста на световната со духовната власт и е во склад со зборовите на Апостол Петар во неговото Прво послание (2:17) „Плашете се од Бога, почитувајте го царот!"[28]. Значи не рекол царевите, туку царот кој е општ за сите и е помазан со велико миро и е поставен за василевс на Ромеите, т.е. на сите христијани. Императорот на Ромеите е велик император, господар и владика на ојкуменето (екумената), „природен император", „сеопшт император".

Од друга страна во Константинопол знаеле дека идејата за светско господство на византискиот император имала само симболичен карактер. Таа се потхранувала од неповторливоста на императорскиот институт. Римската империја се споредувала со „божјото царство", кое што е единствено. Василевсот бил претставуван како „викариј" на Бога и посредник меѓу Христос – „небесниот цар"

[24] O. Tretinger, Die oströmische Kaiser-und Reichsidee nach ihrer Gestaltungim höfischen Zeremoniell. Jena 1938, 187; Г. Острогорски, Обреди крунисања из књиге о церемонијама. – Сабрана дела, V, Београд 1970, 286.

[25] I. Καραγιαννόπουλοσ, Ιστορΐα, Т. I, 35; Г. Бакалов, Средновековнияат български владетел. София 1995, 66.

[26] G. Ostrogorski, Istorija Vizantije, 203.

[27] Fr. Miklosich – Müler, Acta et diplomata graeca medii aevi sacra et profana, II, Vindobonnae, 1860-1899, 190.

[28] Свето Писмо (Библија), Нов Завет, стр. 178.

и човештвото. Истовремено тој бил и единствено одговорен пред Него за управувањето на земските царства[29].

Византискиот император, штом управува со помошта и поддршката на Божјата благодет, треба да биде „пријател на словото и претставник на Господ". Должен бил да биде „потчинет на Великиот цар - Бог". Во христијанската есхатологија императорот е привремен наместник на Бога на земјата до денот на враќањето на Небескиот цар. Така била формирана идејата дека императорската власт е еманација на Божествената волја и таа не може да биде оспорувана од никаква земска сила[30].

Тоа сваќање се илустрира со два примера во Новиот Завет. Првиот е судот над Христос во Преторијата. Евангелистот дава да се разбере дека Христос не го оспорува правото на Понтиј Пилат да го суди, бидејќи власта му е „дадена од Бога". Вториот пример е во Посланието на апостол Павле до христијаните од римската општина: „Секоја душа да се потчинува на претпоставените власти, зошто нема власт што не е дадена од Бога; и какви власти има, тие се од Бога наредени"[31].

Императорската власт била во тесна врска со црквата. На Запад црквата ја осветила власта на монарсите со идејата дека владетелите ја добиваат круната од римскиот првосвештеник ( папата), и на тој начин се остварувал принципот corpus politicu misticum[32]. При крунисувањето владетелот клечел на колpackеници пред папата, изразувајќи ја својата покорност, што ја должел на „Христовиот наместник".

Меѓу најважните одличја на императорската власт било круната. Носењето на круната било исклучително право на василевсот. По предание од епохата на Константин Велики еден од најчесто среќаваните симболи на „божествената" власт на византиските императори била круната, држана од рака што се подава од облак. Тоа сиже наоѓа широко распространување во иконографијата и минијатурниот живопис на Византија и балканските земји. Таа рака подадена од облак ја претставува раката на Божјиот Ангел кој му ја дава круната на византискиот император[33].

---

[29] Ј. Ферлуга, Византијско царство и јужнословенске државе од средине IX до средине X века. – ЗРВИ, 13, Београд 1971, 87-88.

[30] Г. Бакалов, Византия, 328.

[31] Свето Писмо, Нов Завет. 39-40; 205.

[32] Спореди: Фр. Делгер, Средновековното семејство..,186.

[33] Г. Острогорски, Византијски цар.., 264.

Запознавајќи ги принципите на христијанската црква, императорот Константин Велики (306-337) ја изведува максимата, која станала раководно начело во неговата политика: „Една држава една црква". Непотчинувањето пред волјата на императорот, изведено како религиозна санкција се прифаќало како „нарушување на Божјиот ред" и непочитување на самиот „небесен цар Христос". Така државните престапници биле прогласувани за еретици, а еретиците - за државни престапници[34].

Преку идејата за единствено вистинско религиозно учење црквата неизбежно станувала проповедник на политичката теза за светско господство на империјата и за неразделна поврзаност на световната и духовната власт. „Има две власти: свштенство и царство, на едната од нив Создавачот ја доверил грижата за душата, а на другата раководството на телата на луѓето, така што ниту едната, ниту другата да има загуба, туку и двете да се зачуваат неповредени"[35]. Императорот е член на црквата, а патријархот и вишиот клир се граѓани на државата. Последните честопати биле принудувани да го понесат „игото на световната власт" независно од сите договори за рамнопоставеност.

Во византискиот живот местото што било одредено на црквата, било сосема различно од она на Запад. На Запад црквата стоела над државата, а во Византија таа се наоѓала во неа и зависела наполно од неа и требало да биде нејзин послушен орган. Спротивно на римскиот првосвештеник, чија духовна власт над католичкиот свет била создадена далеку пред времето во кое се појавиле првите тамошни монархии и независно од секаква светска сила, цариградскиот патријарх го должел своето значење само на тоа што резидирал во престолнината на империјата и се потпирал на силата на световниот поглавар. На Запад папите симнуваат и издигнуваат световни владетели, вселенскиот патријарх останувал само еден вид придворски епископ на императорот или негов верски министер[36].

Западните научници со посебен интерес ја одбележуваат невообичаената за католицизмот појава, која секогаш се повторувала во православниот Исток. Секоја нова држава тука надминувајќи ги тешкотиите од внатрешното утврдување, ја чувствувала потребата да се ослободи од црковното врховништво на Цариград и си

---

[34] Г. Бакалов, Византия, 334.

[35] Л. Дякон, История. Под ред. На Г. Г. Литаврин, Москва 1988, 55.

[36] П. Мутафчиев, Изтокь и Западь.., 133.

создаде независна црква. Во тој стремеж немало ништо туѓо. Православните држави, соседи на Византија, не можеле да се потчинуваат на еден црковен поглавар кој што самиот бил спроведувач на една туѓа државна идеја и орудие на непријателска световна власт. Тие претпочитале да си создадат свој и тоа на истите начела. Поради тоа „вселената" се изедначувала со територијата над која заповедал световниот (византискиот) император. На Запад црквата била една интернационална сила, нејзините интереси не биле сврзани со судбината на ниеден народ и ниедна држава. Во византиско – словенскиот свет православието ги поврзувало народите само доколку требало да ги спротивстави како целина на католицизмот или мухамеданството. Внатрешно тоа ги делело, зошто црквата ја сврзувала својата дејност со државата, се поистоветувала со неа[37].

Раководејќи се од овие начела Византија во својата државна политика, посебно на надворешен план, почнала да прави отстапки. Со признавањето на самостојна држава, признавала и народна црква.

Византиската државна идеологија почнала да продира и во Бугарија. Тоа се случило по христијанизацијата што ја направил Борис – Михаил. Тој допуштил во Бугарија да дојдат византиски свештеници за да го шират христијанството. Преку тие свештеници Византија сакала да ја наложи својата идеологија. Со тоа не се согласил новиот бугарски владетел Симеон. Тој, иако византиски воспитаник се носел со идеата да создаде нов свет, ново царство кое ќе го замени старото византиско, но ќе ги опфаќа истите територии.

За да го спроведе во дело тоа, Симеон решил да ја оттргне бугарската црква од византиското влијание и да постави за свештеници лица кои ќе го проповедаат христијанството на разбирлив јазик. Тоа било можно бидејќи во Бугарија се наоѓале голем дел од учениците на Кирил и Методиј, а веќе повеќе години работела Охридската школа на Климент од која излегле потребните кадри за замена на византиските свештеници.

Во таа борба за црковно осамостојување, започнала и првата економска војна во Европа помеѓу Бугарија и Византија[38]. По мирот, бугарското општество се оттргнало од канџите на византинизмот, црквата проповедала на разбирлив јазик. Но, Симеон веќе неможел

---

[37] П. Мутафчиев, Изток и Запад..,134.

[38] Божилов И., Цар Симеон Велики (893-927), 88; за војната види: Божилов И. - Гюзелев В., История на средновековна България VII-XIV век. София 1999, 247-250.

да се задоволи со позицијата на кнез. Намерите на бугарскиот владетел биле непоколебливи и јасно и категорички изразени , не само во Преслав, туку и во Константинопол. Во второто писмо на Николај Мистик до Симеон (913 год.) патријархот го укорува дека сака „тирански" да го нападне „детето – сираче и царски син" (Константин VII) и во „желбата да ја грабнеш царската власт, која нема никаква врска кон твојот род"[39]. Како аргумент Симеон го користел тоа што Константин VII бил од незаконскиот четврти брак на Лав VI, и по смртта на Александар, чичкото на Константин, Симеон решил да пристапи кон реализирање на своите планови. Во август 913 година во Влахерните бил извршен еден невообичаен акт за Империјата: туѓ владетел во присуство на детето – василевс добил со учеството на Николај Мистик, титула василевс, и покрај тоа што не е дозволено на неромеј да управува со империјата. Бугари и Ромеи склучиле договор. Потоа , во истата година Симеон наредил да му направат печат со натпис: „Συμεὼν βασιλεύς", но постои и печат со натпис: „Симеон в Христа василевс на Ромеите"[40].

Со тие дејства Симеон посегнал на самата суштина на византиската идеологија, која го осигурувала самото постоење на Империјата. Еден Бог на небото, еден василевс на земјата. Како на небото сите ангели се потчинети на Божествената волја, така на земјата еден единствен народ, тој на Ромеите, е предодреден да управува[41].

Во Симеоновите мисли Бугарите биле достојни да се изедначат со Ромеите, нешто повеќе, да ги отстранат и да го заземат нивното место во универзумот, тие биле достојни да се претворат во избран народ, во народ под покровителство на Бога, способен да ја понесе мисијата за заштита на христијанството. Со тоа Бугарија претендирала и на територијата на Ромејската држава. Сепак Симеон не успеал да ја реализира до крај својата политика. Неговиот син Петар успеал да издејствува признавање на самостојна бугарска црква и склучил мир во 927 година[42]. Тој стапил во брак со керката на Христофор, внука на Роман Лакапин и така станал „духовно чедо на Роме-

---

[39] Nicholas I, Letters, n.5, p.26-38.

[40] Йорданов И., Печати на преславските владетели, 10, 28-29; спореди и Божилов-Гюзелев, История, 253.

[41] Божилов-Гюзелев, История, 254.

[42] За крунисувањето на Петар и неговата титула види: Г. Бакалов, Средовековният български владетел, 169-172; за одземањето на круната, стр. 173; И. Божилов-В. Гюзелев, История на средновековна България VII-XIVвек. София 1999, 271-274; 276; 300; 364.

ите". Но, идеологијата за универзално царство продолжила да постои и во периодот на Второто бугарско царство.

Во XIII век со признавањето на кралската круна на Србија (1217 год), во 1219 год. била признаена и српската црква во ранг на архиепископија. Истото се случило и со обновувањето на бугарската држава 1186 година, во 1235 година Византија ја признала и бугарската црква во ранг на Партијаршија[43].

Во Србија, идејата за универзално царство ја застапувал Стефан Душан. По заземањето на поголем дел од ромејската територија во Македонија тој како што е познато прво ја издигнал српската црква во ранг на патријаршија (1346 год.) и истата година се прогласил за „цар на Србија и Романија", Византија не ја признала неговата царска круна, а со тоа не ја признала и српската патријаршија. Без разлика на тоа византиската идеологија и дел од церемонијалот егзистирале на српскиот двор.

Како таа средновековна идеологија се реперкуира во современите политички настани?

Повеќето балкански владетели од крајот на дваесеттиот и почетокот на дваесетипрвиот век се повикуваат на државно правните традиции од средниот век. Еуфоријата отиде дотаму што некои (Милошевиќ) почнаа да заговараат сите да живеат во една држава (Сите Срби во една држава), или пак да ги бараат териториите што им припаѓале во средниот век. Во таа политика, конкретно на Милошевиќ фигурираа две различни гледишта. Сакајќи да направи држава во која ќе живеат сите Срби тој во едната теза се повикуваше на „историско право", дека тоа се стари српски земји (Косово, Македонија, Црна Гора). Таму каде што неможеше да се повика на историското минато, почна да се повикува на фактот дека во тие територии Србите се мнозинство (Босна, и дел од Хрватска). Таквата политика доведе до судир на интереси, бидејки и Хрватите од друга страна се повикуваа на истите права дека тоа се нивни историски територии. Токму тоа доведе до конфликт, кој што конфликт ги надмина Балканските граници и доведе до катастрофални последици, кои уште долго време ќе се чувствуваат.

За да се спротивстават на теоријата на Милошевиќ Албанците проповедаа своја идеологија, која во ништо не се разликуваше од неговата. Тие исто така заговараа држава во која ќе живеат сите

---

[43] И. Божилов-В. Гюзелев, История на средновековна България, 421;493.

Албанци ( Голема Албанија). Тие исто така се повикуваа на два аргумента, историски традиции и бројна доминација на албанското население. Таа идеологија сеуште е присутна, за жал и меѓународните фактори донекаде ја подржуваат пред сè поради економски интереси. Тоа особено го почувствува Македонија.

Грците, во целост си ја присвоија византиската историја како своја и повикувајќи се на историското минато, пред сè на црковната идеологија, го оспоруваат постоењето на самостојна црква во Македонија . Идеја подржана и од Српската православна црква. Од друга страна исто така го оспоруваат името на Република Македонија. Не ги признаваат правата на другите етнички групи што живеат во Грција. Тоа особено доведе до затегнати односи со Албанија, која исто така има територијални претензии кон дел од Грција.

Сето ова може да доведе до конфликти од поголеми размери. Тие конфликти не му се потребни на народот што живее на овие простори. За да се надминат тензиите потребно е современите политичари да го заборават минатото и да гледаат на иднината. Немаме никаква корист од тоа да докажуваме кој кого победил во минатото и кој бил посилен. Во интерес на подоброто живеење треба да се натпреваруваме во економијата и условите за живот. Ако можеа европските држави: Франција, Германија, Австрија, Полска да го заборават минатото и да живеат заеднички, зошто да неможеме и ние. Минатото нека остане лекција која ќе ја раскажуваат историчарите на идните поколенија како пример како нетребало да се прави и живее. Ако успееме тоа да го постигнеме тогаш ќе го оправдаме значењето на поговорката: „Historija est magistra vitae".

(Рецензент: *проф. д-р Милан Бошковски*)

Aleksandar ATANASOVSKI

# MEDIEVAL STATE IDEOLOGY ON THE BALKAN AND ITS IMPACT OVER THE CONTEMPORARY CONFLICTS


## Abstract

*Medieval state ideology is very specific. It contains some alloy from the past. That was reflected in the states traditions and religious ideology, which were perso-nified in Christianity as the state religion. Byzantinian Empire was spreading that ideology in the Balkans as the first orthodox Christian country. Balkans countries, which previously were under byzantinian rule, after achieving their independence, accepted and developed that ideology. Byzantinian state with the recognizing of the independent status of some of the Balkans countries, had recognized and the independence of their church, which was very deferent from the western tradition. Thus, through their independent churches, on the Byzantinian example, in Serbia and in Bulgaria were spread the ideology about universal Empire on the earth on the example of the Celestial Empire.*

*Some politicians in the Balkan region at the end of the XX and the beginning of the XXI century have called on the medieval state traditions. For instance, Milosevic espoused to unify all Serbs in one state or to get territories that belonged to medieval Serbian state. Albanian, as well, have been advocating similar ideology i.e. creating of Great Albania. Both of those ideologies have negative impact over Macedonia. Also we can add and Greek state ideology. Greece considers the Byzantinian historical heritage as its own and simultaneously with Serbia disputed the existence of the Republic of Macedonia. Greece still disputes the official name of the Macedonian state, while Serbia denies the right for independent Macedonian Orthodox Church.*

*All these problems are causes for instability in the region and permanent threats for military conflicts.*

*Modern politicians, in order to overcome tensions, have to forget the past and to look in the future. We could take some European states like France, Germany, Austria, Poland etc as good example which forget their past and live together in EU. In that direction could deal and the Balkan states. That is the only way to assert the proverb – "Historia est magistra vitae".*


***Keywords:*** *IDEOLOGY, REPERRCUSIAL, CONFLICTS, BYRANCE, STATEHOOD, POWCIN DEA, TRADITION, TERRITORY, CHRISTIANITY, CHURCH.*